Бр. 12-619/6
09.05 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петнесеттата седница на ДКСК одржана на ден 09.05.2019 година донесе:

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-619/1 од 20.02.2019 година.

Предметот со број 12-619/1 од 20.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-619/1 од 20.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице од Скопје.

Со писмено – службена белешка бр. 12-519/2 од 13.03.2019 година, предметот бр. 12- 619/1 од 20.02.2019 година, се спојува, односно споен е со предметот со број 12- 519/1 од 18.02.2019 година - распореден во работа на членот на Државната комисија за спречување на корупцијата Катица Николовска, од причини што се работи за предмети оформени по две, одделно доставени пријави од ист подносител и кои се однесуваат на ист пријавен случај на незадоволство од постапка за вработување, по објавен јавен оглас бр. 01/2018, во Оперативно-Техничка Агенција (ОТА)Скопје.

По наведените два предмети, после нивното спојување, ДКСК постапи во единствена постапка.

Заради утврдување на фактичката состојба, по конкретниот предмет(и) ДКСК постапи согласно со член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - со прибирање на податоци, информации и документација, како и согласно со член 27 од Законот - со непосреден увид во документацијата на јавната институција против која е поднесена предметната пријава(и).

На барањето на ДКСК бр. 12- 619/3 од 13.03.2019 година, во законски определениот рок, кај ДКСК е примен одговор бр. 12-619/4 од 03.04.2019 година од Оперативно-Техничка Агенција (ОТА)- Скопје, а последователно на ова, на ден 22.04.2019 година од страна на членот на ДКСК Катица Николовска и претседателот на ДКСК Билјана Ивановска е остварена средба и извршен е непосреден увид во документацијата на оваа институција за потребите на постапувањето на ДКСК.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На петнесеттата седница на ДКСК одржана на ден 09.05.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации, податоци и документација и на констатациите од непосредниот увид во документацијата по однос на истиот, ДКСК констатира дека наводите за нерегуларности во постапката за вработување по објавениот јавен оглас бр. 01/2018 не се потврдуваат по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk